| ТЕМА 1. РОД | ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ | СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ | ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| **ОДНЕСУВАЊЕ** | • **Ги почитува разликите врз основа на пол, родов и сексуален идентитет**<br>• **Се залага за родова рамноправност и еднаквост во своето непосредно окружување**<br>• **Го развива и манифестира својот родов и сексуален идентитет во согласност со автентичните лични потреби/потенцијали** | | |
| 9-11 | Може да идентификува кои разлики се полови, а кои родови<br>Сфаќа дека половите разлики се биолошки и поврзани со репродуктивната функција | Ја прифаќа важноста на рамноправниот третман на жените и мажите | Рефлектира за тоа како се чувствува во врска со својот пол/род |
| 12-14 | Ја разбира разликата меѓу пол и род<br>Може да ги идентификува агенсите на родова социјализација (пр. семејство, медиуми, образование и сл.)<br>Ја знае и може да ја дефинира со свои зборови разликата меѓу родов идентитет и сексуална ориентација<br>Сфаќа дека родовиот идентитет и родовите идеали не се фиксни<br>Ги разбира ефектите од родовата социјализација врз секојдневјето на жените и на мажите | Прифаќа дека секој има различен родов идентитет<br>Прифаќа дека е важно луѓето да се третираат еднакво, без оглед на разликите по однос на пол/род/сексуална ориентација<br>Го вреднува позитивно еднаквиот третман на луѓето со различен родов/сексуален идентитет<br>Прифаќа дека родовите норми не мора да се фиксни<br>Прифаќа дека е важно да се почитуваат сите луѓе, без оглед на разликите (пол/род/сексуален | Покажува почитување кон различните родови идентитети и сексуални ориентации<br>Ја доведува во прашање правичноста на родовите улоги и демонстрира начини да се оспорат оние практики кои се неправедни и штетни<br>Дава аргументи за и против некоја активност од аспект на тоа колку истата може да придонесе за зголемување на родовата еднаквост во непосредната околина<br>Демонстрира и објаснува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Разбира како родовите норми може да имаат штетно влијание врз двата пола<br><br>Разбира дека родовата социјализација креира нееднаква социјална моќ<br><br>Може да идентификува облици на родова нееднаквост | идентитет) | чекори за конкретни активности кои придонесуваат кон зголемување на родовата еднаквост во непосредната околина |
| 15-18 | Знае примери за тоа како културата, традицијата и/или религијата влијаат врз родовите норми и дека тие не се неменливи<br><br>Знае што се родовите стереотипи и очекувања и какво е нивното влијание врз животот на луѓето<br><br>Знае како се менифестира родовата дискриминација | Негативно го вреднува нееднаквиот третман или експлоатација врз основа на прекршување на очекуваната норма или врз основа на родот | Демонстрира како се организираат/преземаат активности за надминување на штетните практики поврзани со родовите норми и улоги во своето окружување<br><br>Демонстрира и објаснува како се градат подготвеност да гради односи кои се базираат на еднаквост по основ на пол, родов и сексуален идентитет |

| ТЕМА 2. ВРСКИ И ОДНОСИ | ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ | СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ | ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| **ОДНЕСУВАЊЕ** | **• Ги почитува различните облици на врски/семејства во кои луѓето живеат, како и нивните избори за тоа дали, кога и колку деца ќе имаат<br>• Развива одговорност кон луѓето со кои е во различни видови на врски<br>• Ги комуницира и уважува своите потреби во врските и ги уважува потребите на другите<br>• Гради врски втемелени на еднаквост, взаемна почит и поддршка** | | |
| 9-11 | Разбира дека постојат повеќе видови врски (пријателски, романтични, брачни, семејни) и дека во нивната основа лежат различни видови емоции/чувства<br><br>Знае дека за одржување на сите видови врски е неопходна добра комуникација<br><br>Ги знае концептите „семејство" и „брак"<br><br>Ги знае различните начини на кои партнерите може да живеат во заедница и различните видови семејства (пр. еднородителски, нуклеарни, проширени...)<br><br>Го разбира концептот родителство и можноста за избор (да се стане или не родител, да се посвои дете), но и | Прифаќа дека врските со другите луѓе се многу значајни и дека треба да се негуваат<br><br>Прифаќа дека секој има право да го искаже своето мислење и чувства земајќи ги предвид и чувствата на другите<br><br>Ја прифаќа важноста на изразувањето желби, потреби и лични граници, и на разбирањето на истите кога ги манифестираат други<br><br>Прифаќа дека успешната комуникација се базира на взаемна почит<br><br>Прифаќа дека семејствата може да се разликуваат според структурата, но дека тие сите се еднакво вредни<br><br>Позитивно го вреднува прифаќањето | Ефективно ги искажува личните граници во ситуација на нарушен телесен интегритет<br><br>Умее да слуша и покажува почит кон соговорниците<br><br>Рефлектира/опишува позитивни чувства и вреднувања за своето семејство<br><br>Може да ги комуницира/искаже своите потреби во релациите со родителите / старателите, врсниците и други важни лица од окружувањето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одговорноста на родителството<br><br>Знае дека некои бракови завршуваат со одвојување, развод (или смрт на еден од партнерите) | на родителските одговорности | |
| 12-14 | Знае дека постојат различни видови врски и дека во различните видови врски, а особено во партнерските, одредени начини на однесување водат кон подобрување на односот, а други кон влошување<br>Знае кои се квалитетите на здрава партнерска врска<br><br>Има претстава за клучните одговорности на бракот и долгорочните врски<br><br>Може да ги идентификува клучните карактеристики на функционални бракови и врски | Има позитивен став кон комуницирање за проблемите и за потребите, наместо кон нивно игнорирање<br><br>Прифаќа дека сите луѓе треба да имаат слобода да одлучат дали, кога и со кого ќе стапат во брак<br><br>Ја признава важноста на љубовта, толеранцијата, еднаквоста и почитта во бракот/врската<br><br>Прифаќа дека постојат причини заради кои раскинувањето/разводот е соодветна одлука | Умее да ги изрази/искаже своите ставови за долгорочните врски, бракот и родителството |
| 15-18 | Ги знае карактеристиките на здравите и нездравите сексуални врски<br><br>Ја разбира улогата на еднаквоста во обезбедување здраво функционирање на врските<br><br>Може да ги опише  начините на кои културата, религијата, општеството и законите влијаат на долгорочните врски, бракот и родителството | Има позитивен став кон здравите врски<br><br>Прифаќа дека еднаквоста во односите е услов за здрави односи во врска<br><br>Прифаќа дека изборот дали да се биде родител или не е право на секоја индивидуа<br><br>Прифаќа дека родителството е право, | Може да идентификува лица на кои е соодветно да им се обрати за помош во случај на нездраво партнерско врзување<br><br>Демонстрира вештини за одбивање сексуален однос од нездрави причини<br><br>Умее да ги анализира начините на кои родовата нееднаквост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Има информации за причините зошто луѓето можат да одлучат да имаат или немаат деца | но и сериозна обврска | влијае на односите во врските<br><br>Умее да рефлектира за тоа кои се неговите/нејзините замисли за тоа што значи да се биде добар родител и на кои вредности се базираат<br><br>Умее да го артикулира сопственото мислење за тоа дали, зошто и кога сака да има деца |

| ТЕМА 3. ТЕЛО И СЛИКА ЗА Т. | ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ | СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ | ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| **ОДНЕСУВАЊЕ** | • Го почитува туѓиот и својот телесен интегритет и приватност<br>• Ги почитува телесните разлики меѓу луѓето<br>• Го прифаќа својот телесен изглед и покажува отпор кон нереалистичните идеали за физички изглед | | |
| 9-11 | Може да опише што се подразбира под право на телесен интегритет и приватност<br><br>Знае дека несаканото сексуално внимание и кон момчињата и кон девојчињата е прекршување на приватноста и правото на одлучување за своето тело<br><br>Ги знае деловите од телото кои учествуваат во репродукцијата<br><br>Ги знае телесните разлики помеѓу момчињата и девојчињата<br><br>Ги знае главните промени кои се случуваат во пубертетот | Прифаќа дека секој има право на приватност и телесен интегритет<br><br>Прифаќа дека телата имаат различен изглед и дека тој се менува со текот на времето<br><br>Ги прифаќа како нормални сите промени што се случуваат во пубертетот | Може да изрази негодување ако чувствува загрозеност на приватноста и телесниот интегритет<br><br>Може да се обрати на лице на кое му верува доколку смета дека му/и се нарушени овие права<br><br>Може да ги идентификува ефектите од градење на позитивен став кон промените што го следат созревањето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12-14 | Разбира дека првичен услов за можност за давање согласност за сексуална интеракција е зрелоста<br><br>Знае примери на различни промени што се јавуваат за време на пубертетот/адолесценцијата кај девојчињата и кај момчињата<br><br>Знае дека задевањето, посрамотувањето или стигматизирањето на другите врз основа на промените во пубертетот е штетно и може да има долгорочни психолошки последици<br><br>Ги знае растројствата поврзани со негативната слика за своето тело<br><br>Ги знае растројствата поврзани со негативната слика за своето тело | Прифаќа дека согласноста за... е апсолутно неопходен елемент за интеракција која ги вклучува приватните телесни делови<br><br>Ги прифаќа физичките, емоционалните, социјалните и когнитивните промени како нормален дел од адолесценцијата<br><br>Прифаќа дека нереалистичните стандарди за „убавина“ се штетни<br><br>Прифаќа дека физичкиот изглед не ја детерминира вредноста на луѓето<br><br>Прифаќа дека нереалистичните стандарди за „убавина“ се штетни<br><br>Прифаќа дека физичкиот изглед не ја детерминира вредноста на луѓето | Анализира примери и умее да ги идентификува ситуациите на не/дадена согласност за сексуална интеракција<br><br>Покажува способност да самиот/та да даде/одбие согласност<br><br>Може да рефлектира/опишува како се чувствува во врска со адолесцентните промени<br><br>Може да ги идентификува ефектите од (не)прифаќањето на сопствениот физички изглед |
| 15-18 | Може да идентификува фактори кои влијаат на способноста за давање сексуална согласностЈа опишува улогата на хормоните во емоционалните и физичките промени во текот на животот<br><br>Ги знае промените кои што се случуваат со созревањето/стареењето и како тие се | Прифаќа дека е важно да се избегнат фактори што можат да го спречат давањето сексуална согласност<br><br>Прифаќа дека луѓето се сексуални суштества низ текот на целиот животен циклус | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одразуваат врз репродуктивната функција | Гради негативен став кон некритичко прифаќање на медиумските пораки во врска со физичкиот изглед | Анализира одредени културни и родови стереотипи и како тие можат да влијаат врз сликата за телото на луѓето, особено девојките и нивните односи со другите<br><br>Може да ги идентификува позитивните и негативните пораки на медиумите поврзани со родовите идеали, врските и сексуалноста<br><br>Покажува отпорност кон токсични медиумски пораки во врска со нереалистични слики за мажите и жените и нивната сексуалност |

<table>
<tr><th>ТЕМА 4. СРЗ-ХИВ</th><th>ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ</th><th>СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ</th><th>ВЕШТИНИ</th></tr>
<tr><td>ОДНЕСУВАЊЕ</td><td colspan="3"><ul><li>Врз основа на информации засновани на потврдени научни сознанија, презема соодветни активности за заштита на своето здравје од СПИ и/или непланирана бременост</li><li>Користи превентивни мерки за заштита на своето сексуално и репродуктивно здравје</li><li>Во случај на потреба, се обраќа до соодветни институции/лица за обезбедување здравствена заштита и превенција</li><li>Манифестира поддршка кон лицата кои имаат потреба од лекување на СПИ</li><li>Манифестира разбирање за девојките/жените во врска со нивните лични одлуки за раѓање односно прекинување на бременоста</li></ul></td></tr>
<tr><td>9-11</td><td>Има информација дека постојат инфекции кои се пренесуваат преку сексуален контакт и дека нивното пренесување може да се превенира<br><br>Свесен/на е дека некој може да изгледа здраво/чисто, а да има СПИ<br><br>Ги знае начините за намалување на ризикот од стекнување или пренесување на ХИВ<br><br>Знае дека постојат тестови со кои се идентификуваат СПИ вклучувајќи и ХИВ,</td><td>Има позитивен став кон редовни медицински контроли на сексуалното и репродуктивно здравје<br><br>Развива емпатичност кон лицата на кои им е потребна поддршка за превенција или лекување</td><td>Умее да се обрати за помош до надлежни институции</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | достапни во соодветни установи | | |
| 12-14 | Знае како се пренесуваат сексуално преносливите инфекции вклучувајќи и ХИВ<br>Разбира дека единствен стопроцентно сигурен начин на заштита од СПИ е апстиненција од сексуални односи<br>Знае дека соодветното користење на кондоми може да обезбеди заштита од СПИ<br>Знае дека кондомите истовремено може да штитат и од СПИ и од непланирана бременост<br>Ги знае најважните симптоми на сексуално преносливите инфекции, вклучувајќи и ХИВ<br>Знае дека не сите СПИ имаат јасни симптоми<br>Знае дека СПИ/ХИВ статусот може да го одреди само соодветно медицинско лице<br>Разбира дека се потребни посети на лекар за да се идентификува СПИ статус<br>Сфаќа дека лицата со ХИВ може да живеат квалитетен живот доколку добијат поддршка и нега<br>Ги знае вообичаените индикации на бременост и знае дека постојат тестови за бременост<br>Разбира дека тинејџерската бременост, | Прифаќа дека тестирањето за ХИВ и познавањето на ХИВ-статусот е еден вид превенција од компликации доколку статусот е позитивен<br>Прифаќа дека тестирањето за ХИВ е во функција на сопствена заштита и заштита на другите<br>Разбира дека двата партнери се одговорни за заштитата<br>Ги цени достигањата на лицата со ХИВ за заедницата и човештвото<br>Го цени залагањето за правата на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА<br>Има став дека употребата на контрацепција е заедничка одговорност на двајцата партнери | Може да ги лоцира местата каде што може да се набават кондоми<br>Може да ги лоцира местата во околината каде што може да се обрати за тестирање за СПИ/ХИВ, за лекување или за психосоцијална поддршка<br>Може да идентификува барем едно лице на кое може да му/и се довери во случај на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сакана и несакана, има негативни последици<br>Знае дека бременоста најсигурно се потврдува со гинеколошки преглед<br>Знае каде може да се набават тестови за бременост<br>Знае дека постојат средства за спречување на непланирана бременост | | сомневање/констатирање непланирана бременост |
| 15-18 | Ги знае најзастапените современи средства за контрацепција<br>Ги знае главните предности и недостатоци на методите за контрацепција<br>Знае кои однесувања носат зголемен ризик од СПИ<br>Ги знае начините за правилно чување на кондомите<br>Ги знае последиците од ненавременото лечење на некои од СПИ<br>Ја сфаќа врската меѓу моќта и преговарачката позиција за безбедни сексуални односи<br>Разбира како социјалната немоќ ги прави одредени групи луѓе вулнерабилни на СПИ/ХИВ<br>Ги познава релевантните закони и политики кои обезбедуваат пристап до медицински услуги поврзани со прекинување на бременоста или со заштита на бремени девојки/жени | Прифаќа дека користењето на методи за спречување на непланирана бременост има свои предности<br>Има став дека употребата на контрацепција/заштита од СПИ е заедничка одговорност на двајцата партнери<br>Има позитивен став кон навремени лекарски контроли за СПИ<br>Прифаќа дека притисокот врз тинејџерките да го прекинат школувањето заради бременост е дискриминаторско однесување<br>Прифаќа дека девојките/жените имаат право на избор во врска со задржување или прекинување на непланираната бременост<br>Прифаќа дека без разлика на тоа дали бременоста е планирана или не, на девојките/жените во состојба на бременост им е неопходна целосна | Демонстрира информираност за тоа како/каде да набави средства за контрацепција<br>Ги знае чекорите како се нанесува кондом или може да нанесе кондом на модел<br>Демонстрира познавање на начините на преговарање за безбедни сексуални односи<br>Демонстрира подготвеност да даде емоционална поддршка на блиско лице (другарка, роднина) во случај на непланирана бременост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Знае што претставува намерен абортус и до која недела се врши легално<br><br>Знае да направи разлика меѓу безбеден и небезбеден намерен абортус<br><br>Ги знае ризиците од небезбедно намерно прекинување на бременоста | поддршка од околината и општеството | |

| ТЕМА 5. СЕКСУАЛНОСТ | ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ | СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ | ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| **ОДНЕСУВАЊЕ** | • **Носи соодветни одлуки за своето сексуално однесување, имајќи ги предвид сопствените потреби како и превенцијата на СПИ и непланирана бременост**<br>• **Ја прифаќа сексуалноста како природна и нормална**<br>• **Прифаќа дека еднаквоста помеѓу партнерите е предуслов за взаемно задоволство**<br>• **Прифаќа дека постојат варијации на вредности и норми во културата на окружувањето кои го регулираат сексуалното однесување** | | |
| **9-11** | Може да ги идентификува изворите на вредности и ставови за сексот и сексуалноста (родители, семејства и заедници)<br>Разбира дека тие вредности се менуваат со текот на времето<br>Разбира дека тие вредности и ставови различно засегаат различни групи (пр. пол, возраст) | Прифаќа дека вредностите и ставовите во врска со сексот и сексуалноста се различни во различни култури и временски периоди | Ги рефлектира вредностите и пораките во врска со сексот и сексуалноста стекнати во семејството<br>Може да идентификува некои негативни страни на одредени ставови и вредности во врска со сексот и сексуалноста |
| **12-14** | Знае дека сексуалните чувства, фантазии и желби се природни, а не срамни, и се појавуваат во текот на целиот живот<br>Знае дека интересот за сексот може да се менува со возраста и може да се изразува во текот на животот | Прифаќа дека постојат различни начини на манифестација на сексуалноста и дека не се сите еднакво прифатливи во дадена култура<br>Прифаќа дека сексуалното | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Знае што е сексуална желба и што може да влијае на неа<br><br>Знае што е сексуално задоволство<br><br>Знае дека врз сексуалната реакција може да влијаат причини како болест, стрес, сексуална злоупотреба, лекови, злоупотреба на супстанции и траума<br><br>Ги знае базичните современи, научно потврдени факти во врска сексуалноста и секуалните реакции<br><br>Знае некои видови притисоци за имање сексуален однос кои доаѓаат од различни извори<br><br>Знае дека одлуката за сексуална активност на секој човек е лична одлука, што може да се менува со текот на времето, но треба да се почитува во секое време<br><br>Знае да објасни различни избори што луѓето може да ги направат за да ги сведат на минимум ризиците во врска со сексуалното однесување<br><br>Знае дека сексуалното однесување со пенетрација не е единствен начин за постигнување сексуално задоволство | задоволство е природна и пожелна компонента на човековата сексуалност<br><br>Има негативен став кон било која форма на притисок за сексуален однос | |
| **15-18** | Знае дека има опции за намалување на ризикот од несакана бременост и СПИ, вклучувајќи и ХИВ, или за нивно пренесување | Прифаќа дека комуницирањето на сексуалните потреби и ограничувања е здраво | Ја објаснува и анализира комплексноста на сексуалноста и нејзината повеќеслојност, која има биолошки, социјални, психолошки, духовни, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Може да идентификува некои од факторите што влијаат на сексуалното задоволство<br><br>Знае дека секоја индивидуа на сопствен начин доживува и манифестира сексуално задоволство<br><br>Разбира дека интимните односи што вклучуваат трансакции со пари или стоки ја зголемуваат нееднаквоста во односите на моќ, ја зголемуваат ранливоста и ја ограничуваат моќта да се обезбеди побезбеден секс | Прифаќа дека двајцата партнери имаат еднакво право и потреба на сексуално задоволство | етички и културни компоненти<br><br>Знае да се искаже во врска со тоа како родовите норми и стереотипи влијаат врз очекувањата на луѓето и како го доживуваат сексуалното искуство<br><br>Ја анализира врската помеѓу прифаќањето на тоа дека двајцата партнери имаат еднаква одговорност за спречување на несакана бременост и СПИ и сексуалното задоволство<br><br>Покажува вештини за цврста и самоуверена комуникација и одбивање на сексуална активност како трансакција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| **ТЕМА 6. НАСИЛСТВО** | **ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ** | **СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ** | **ВЕШТИНИ** |
|---|---|---|---|
| **ОДНЕСУВАЊЕ** | • **Во интеракциите со другите луѓе, вклучувајќи го/и интимниот/те партнер/и, не користи насилство за да доминира или да постигне одредена цел**<br>• **Го почитува својот и туѓиот телесен интегритет водејќи се од начелото на барање согласност и почитување на истата**<br>• **Се залага за превенција и се бори против сите форми на сексуално насилство, особено насилство врз девојчиња и жени**<br>• **Се штити од насилство при користење на информациските и комуникациските технологии** | | |
| **9-11** | Го објаснува значењето на поимот сексуално вознемирување и малтретирање низ примери во однесувањето<br><br>Опишува зошто сексуалното вознемирување е штетно (ги знае последиците) и неприфатливо | Прифаќа дека сексуалното вознемирување не е бенигно и има негативен став кон истото | Умее да идентификува лице од доверба или институција на која би се обратил/а во случај да доживее или да посведочи сексуално вознемирување<br><br>Емпатизира со жртвите на сексуално вознемирување |
| **12-14** | Знае да ги опише манифестациите и последиците од различните форми на насилство | Има негативен став кон сите облици на родово засновано и сексуално насилство | Умее да наведе аргументи за одговорноста во врска со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ги споредува манифестациите и последиците од различните форми на насилство и идентификува по што се слични, а по што различни<br><br>Го знае правото на секоја возрасна индивидуа да одлучува за тоа дали ќе се впушти во сексуални активности или не<br><br>Ги знае предрасудите поврзани со однесувањето на жртвите и/или природата на сексуалната агресија<br><br>Знае да ги именува службите кои ги поддржуваат жртвите и се борат за спречување на сексуалната злоупотреба, сексуалниот напад, насилството од интимен партнер и малтретирањето во училиште и надвор од училиштето<br><br>Препознава ситуации на почитување, односно кршење на правото на приватност и телесен интегритет<br><br>Знае да го дефинира поимот сексуална согласност<br><br>Знае која е разликата меѓу доброволни и недоброволни сексуални односи<br><br>Знае дека несоодветното користење на порнографски материјали е штетно | | сексуалното насилство во дадени конкретни сценарија/ситуации<br><br>Може да идентификува барем едно лице на кое може да му се довери во случај на сомневање/констатирање сексуално насилство<br><br>Знае како да им пристапи на овие служби<br><br>Знае како да реагира во ситуации кога се прекршува правото на приватност и телесен интегритет<br><br>Умее критички да расудува за степенот на доброволност наспроти принуда за сексуални односи во дадени сценарија |
| **15-18** | Ги знае придобивките од давањето и одбивањето согласност за секс<br><br>Може да ја препознае согласноста или | Има негативен став кон сите облици на родово засновано и сексуално насилство | Анализира успешни примери на напори за намалување на различните форми на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | несогласноста во конкретни сценарија<br><br>Ги знае факторите што може да влијаат врз способноста за прифаќање или давање согласност | | насилство, вклучувајќи и физичко, психичко и сексуално насилство<br><br>Планира конкретни чекори за преземање на акции што водат кон градење на безбедна средина во којашто сите се третираат достоинствено и со почит<br><br>Знае начини како може да пријави сексуална злоупотреба, сексуален напад, насилство од интимен партнер и малтретирање<br><br>Умее да го анализира ефектот на двојните родови стандарди врз давањето сексуална согласност<br><br>Умее да покаже како може да даде и одбие согласност<br><br>Ја анализира врската помеѓу порнографијата и нормализацијата на сексуалното насилство |

| ТЕМА 7. ГРАЃАНСКИ АСПЕКТИ | ЗНАЕЊЕ/РАЗБИРАЊЕ | СТАВОВИ/ВРЕДНОСТИ | ВЕШТИНИ |
|---|---|---|---|
| **ОДНЕСУВАЊЕ** | **• Ги почитува туѓите сексуални и репродуктивни права и бара почитување и заштита на сопствените<br>• Поддржува социјален активизам во насока на унапредување на сексуалните и репродуктивните права** | | |
| **9-11** | Може да идентификува некои од човековите права што влијаат врз сексуалното и репродуктивно здравје (пр. право на здравје, автономија и приватност)<br>Препознава повреди на овие права, особено повреди на правата на децата | Прифаќа дека има луѓе во општеството кои се особено ранливи на кршењето на човековите права и дека ним им е потребна дополнителна поддршка | Демонстрира почитување на човековите права на сите луѓе, вклучувајќи ги и правата поврзани со сексуално и репродуктивно здравје |
| 12-14 | Знае дека сексуалните и репродуктивните права се човекови права<br>Може да препознае базични форми на прекршување на сексуалните и на репродуктивните права<br>Ги знае локалните/националните закони релевантни за сексуалните и репродуктивни права<br>Знае за некои од негативните ефекти од дискриминацијата врз основа на сексуална | Има позитивен став кон барање помош за остварување на своите сексуални и репродуктивни права<br>Манифестира позитивен став кон социјалниот активизам<br>Прифаќа дека сексуалната ориентација не е пречка за воспоставување и одржување нормални секојдневни меѓусебни односи и еднаков третман | Може да идентификува лице/а и институции на кои може да се обрати во случај на препознавање или сомневање дека се прекршени СиР права<br>Манифестира комуникациски вештини за аргументирана одбрана на ставовите во врска со СиР права |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ориентација и/или родов идентитет<br><br>Ги знае аргументите против дискриминацијата врз основа на сексуален идентитет<br><br>Може да ги идентификува честите предрасуди за лицата со нехетеросексуална ориентација | | Манифестира подготвеност за барање заштита во врска со своите или туѓи СиР права |
| 15-18 | Разбира како интимните односи и сексуалноста се поврзани со уживањето на човековите права, односно со сексуалните права<br><br>Може да препознае базични ситуации на кршење на сексуалните права<br><br>Разбира што е хомофобија<br><br>Знае за принципот на еднаквост од Универзалната декларација за човековите права | Има позитивен став кон почитување на сексуалните права<br><br>Прифаќа дека сексуалната ориентација не смее да биде основ за дискриминација | Може да ги идентификува врските меѓу културалните норми во врска со сексуалноста и рамноправноста од една страна и почитувањето на СиР права од друга |